ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа
IP Qendra ndërkomunale për punë sociale
Бр.-Nr. 07- 172/15
28 -02- 2022 202 __ год/viti
ТЕТОВО-TETOVË

28.02.2022

***Интерен оглас - Раководител на служба за права и парична помош 01/2022***

за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас за 1 (еден) Раководител на служба за права и парична помош А стручни во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ТЕТОВО**

Врз основа на член 110-е од Законот за социјалната заштита (Службен Весник на Република Македонија бр.79/09, 36/11,51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16, 163/17, 51/18 и 104/19) и член 6 став 2 и став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово на ден 28.02.2022 година објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ – 1/2022**

**за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас за 1 (еден) Раководител на служба за права и парична помош од категорија А стручни во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово**

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово за пополнување на слободно работно место за 1 (еден) даватели на јавни услуги од категорија А стручни објавува интерен оглас за следното работно место:

**1. СО30303А01002 – Раководител на Служба за права од парична помош – 1 (еден) извршител.**

**Општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Активно да го користи македонскиот јазик,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност за работното место,
- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**

- За ниво А1 стекнати 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен (Социјална работа и Социјална политика, Правни науки) со најмалку пет години работно искуство во областа на социјалната заштита.
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
- Општа лиценца за вршење социјална, правна, педагошка, психолошка и дефектолошка стручна работа во центар за социјална работа.
- Да е оценет со оценка “4 “ или “5 “при последното оценување и да не му е изречена дисциплинска мерка последната година пред објавување на интерниот оглас.

**Потребни општи работни компетенции на средно ниво:**

- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,
- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

**Распоред на работно време:**

- -Работни часови во неделата: 40 часа
- -Работно време: од понеделник до петок, пристигнување од 07:30 до 08:30 часот и заминување од 15:30 до 16:30 часот.
- -Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: 35.249,00 денари.

На интерниот оглас може да се пријави давател на јавна услуга вработен во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на соодветното работно место.
Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 3 (три) дена сметано од денот на објавувањето на огласот. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.
Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово или да се симне од веб страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово - http://jumcsrtetovo.mk/.
Пополнетата пријава и доказите за податоците содржани во пријавата кандидатите треба да ја поднесат во писмена форма преку архивата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово до Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавни услуги.
Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот. Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка по овој оглас.
Постапката по интерниот оглас се содржи од две фази: административна селекција, која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју. За кандидатите за кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката за селекција завршува. За останатите кандидати во рок од пет работни дена по завршување на административната селекција комисијата спроведува интервју.
Кандидатите со уредна документација кои ги исполнуваат потребните услови ќе бидат повикани на интервју во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово.
По завршената административна селекција и интервјуто, комисијата составува ранг листа и му го предлага прворангираниот кандидат на директорот. Во рок од три работни дена од добивање на предлогот директорот е должен да донесе одлука за избор. Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на интернет страницата на институцијата.
Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција на кандидати за давател на јавни услуги формирана од страна на Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово.
Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:
-Уверение за државјанство;
-Доказ за општа здравствена способност;
-Потврда/Уверение дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;
-Доказ за соодветното работно искуство;
-Доказ – Диплома/Уверение за завршено образование;
-Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
-Програма за работа.
Овој интерен оглас се објавува истовремено на веб страницата и на огласната табла на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово.
Ненавремените пријави и документација нема да се разгледуваат. По истекот на рокот за пријавување огласот ќе биде отстранет од веб страницата на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово.

ЈУ Меѓуопштински центар
за социјална работа
Тетово
Директор
Дарко Обадиќ